Врз основа на член 58 став (1) точка 3) од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 6 април 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија**

**Член 1**

Во Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 72/20, 74/20, 76/20, 78/20 и 89/20), во членот 1:

Точките 1., 2., 3. и 4., се менуваат и гласат:

„ 1. Се забранува движење на населението на територијата на Република Северна Македонија, од понеделник до петок, во временски период од 16.00 часот до 5.00 часот наредниот ден.

2. Се забранува движење на лицата во Република Северна Македонија со возраст над 67 години, од понеделник до петок, во временски период од 12.00 часот до 10.00 часот наредниот ден.

3. Се забранува движење на лицата во Република Северна Македонија со возраст до 18 години, од понеделник до петок, во временски период од 15.00 часот до 13.00 часот наредниот ден.

4. Се забранува движење на возила од јавен превоз на територијата на Република Северна Македонија, во временски период од 16.00 часот до 5.00 часот наредниот ден.“

Точката 6., се менува и гласи:

„ 6. Се забранува движење на населението на територијата на Република Северна Македонија, во временски период од 16.00 часот во петок, до 5.00 часот во понеделник.“

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија, а ќе отпочне да се применува од 8 април 2020 година“.

**Бр.44-2416/6**
**6 април 2020 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

**Оливер Спасовски**